Г Р А Д      С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Група членови на Советот на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Советот на Град Скопје

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор
на ЈУ за деца- детска градинка „Росица“ - Општина Ѓорче Петров,Скопје

Скопје, јуни 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 114 став 15 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 , 311/20, 294/21,150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на __________ 2026 година, донесе

**Одлука**
**за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор**
**на ЈУ за деца- детска градинка „Росица“ - Општина Ѓорче Петров, Скопје**

1. За претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца-детска градинка „Росица“ - Општина Ѓорче Петров, Скопје, се предлага:

**- Биљана Наковска**

2. Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров, Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ број 03/26).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
_________2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
проф.д-р Даме Димитровски

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) утврдена е општата надлежност на Советот на Град Скопје.
Согласно член 114 став 15 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 , 311/20, 294/21,150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), претставникот на градот Скопје во управниот одбор го предлага Советот на Градот Скопје, а го именува и разрешува основачот.